Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20) и член 34 став 1 алинеа 7 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на ден 24.07.2024 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, (број на основниот акт 01-439/2 од 06.10.2020 година, број 01-66/2 од 12.02.2021 година, број 01-66/5 од 29.04.2021 година, број 01-66/8 од 13.12.2021 година, број 01-461/7 од 14.09.2022 година, број 01-461/12 од 21.12.2022 година и број 01-84/1 од 14.02.2023 година) и тоа:

**Член 2**

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, број 01-461/7 од 14.09.2022 година, членот 4, работното место 20-а. “Помлад соработник за канцелариско работење“, Шифра УПР 01 01 В04 000, во делот Вид на образование зборовите „Библиотекарство и документација, организациони науки и управување (менаџмент) или образование“ се заменуват со зборовите “Општествени науки“.

**Член 3**

Во делот IV. Опис на работни места во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во точка 5. Сектор за соработка, транспарентност и едукација, 5.2. Одделение за соработка и анализи, работното место 30-1. “Помлад соработник за соработка со имателите на информации“, Шифра УПР 01 01 Б04 000, во делот вид на образование, зборовите “Правни науки, историски науки или економски науки “се заменуват со зборовите “Општествени науки “.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 01-40/8
24.07.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**

**Пламенка Бојчева**